# METHODICAL APPROACH IN THE LANGUAGE AREA IN THE PRE-SCHOOL PERIOD

**Irena Kitanova**
Faculty of Educational Sciences, UGD Shtip, N. Macedonia, irena.kitanova@ugd.edu.mk

**Abstract:** Writing as well as reading is part of the language area that is taught in preschool institutions. According to pedagogue and researcher Lozancic, it is a complex mission activity (making up messages), but also a graphomotor skill (memorizing movements and performing the necessary movement with the fingers and hand). As the most complex skill, it requires attention, memory, well-developed graphomotor skills, language and knowledge. Mendes adds that the child begins to write in kindergarten, and in order to be able to say that he has mastered writing, then we need to know certain information. The literacy that children experience in preschools is functional, meaningful, authentic, and embedded in everyday activities. Through active engagement, exploration and experimentation, children begin to form concepts about the nature and patterns of written language. Hence, pre-primary literacy research emphasizes the role of the adult (educator) in fostering the child's literacy development and assisting the child in acquiring literacy.
**Keywords:** techniques, approach, methods, beginning reading and writing.

# МЕТОДИЧКИ ПРИСТАП ВО ЈАЗИЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИОТ ПЕРИОД

**Ирена Китанова**
Факултет за образовни науки, УГД Штип, С. Македонија, irena.kitanova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Пишувањето како и читањето е дел од јазичното подрачје кое се учи во предучилишните установи. Според педагогот и истражувач Лозанчич тоа е сложена мисиона активност (смислување на пораки), но и графомоторичка вештина (меморирање на движења и изведба на потребно движење со прстите и шаката). Како најсложена вештина бара внимание, меморија, добро развиени графомоторички вештини, јазик и знаење. Мендес додава дека детето започнува да пишува во детската градинка, а за да можеме да кажеме дека го совладува пишувањето, тогаш тоа треба да знаеме одредени информации. Писменоста што ја доживуваат децата во предучилишните установи е функционална, значајна, автентична и вметната во секојдневните активности. Преку активен ангажман, истражување и експериментирање, децата започнуваат да формираат концепти за природата и моделите на пишаниот јазик. Оттука, истражувањето за предбукварската писменост ја нагласува улогата на возрасниот (воспитувачот) во поттикнување на развојот на писменоста на детето и помошта на детето во здобивање со писменоста.
**Клучни зборови:** техники, пристап, методи, почетно читање и пишување.

## 1. ВОВЕД

Учењето за пишувањето започнува во раното детство кога децата започнуваат да забележуваат дека возрасните пишуваат. Токму од овие причини Мендес ги наведува следниве работи:

- Да ја знае техниката на пишување (правилно и графички да ги обликува буквите);
- Логички да ги поврзува зборовите во реченици (јасни, разбирливи, прегледни);
- Да ги препознава основните правописно граматички законитости (точка, запирка);
- Да знае да ги примени изразните средства и постапки; и
- Да си воспостави сопствен јазичен и логички состав.

Но, според педагогот Гргинич пред формалното пишување, во детската градинка, детето може да користи спонтани облици на пишување, како шарање, цртање, имитација на формалното пишување, лажни букви и посебни облици. Не сите деца во иста возраст се спремни за совладување на вештините за пишување. Децата не треба да се присилуваат на пишување ако не се спремни, бидејќи ќе станат обесхрабрени, ќе развијат лоши пишувачки навики и нема да да го засакаат пишувањето. Во детската градинка децата треба да се поттикнуваат на пишување, но на ниво на нивниот развој и интерес. Најчесто, децата учат да го пишуваат своето име во детската градинка, што се случува претежно на 5 годишна возраст. Исто така, одредени истражувања како она на педагогот Симек покажуваат дека детето на уште помала возраст ја знае почетната буква на своето сопствено име.

Симек додава и дека бројни истражувања имаат покажано дека прецртувањето на различни линии и геометриски облици се еден од показателите на спремност на детето за формално учење на пишувањето. Најчесто се испитуваат прецртување на рамна линија, круг, лева дијагонална линија, десна дијагонална линија, како и Х.

***Табела 1. Нивоа на пишување кај детето***

| **1-2 години** | **Детето шара спонтано во рамна или кружна насока и врши имитација** |
|---|---|
| **2-3 години** | Детето ја имитира рамната и нерамната линија, како и кругот |
| **3-4 години** | Детето ја копира рамната и нерамната линија и кругот, имитира лева и десна дијагонала и квадрат |
| **4-5 години** | Детето ја прецртува линијата, го копира квадратот, десната и левата дијагонала Х, триаголник а опфатот на моливот е исправен |
| **5-6 години** | Детето го копира Х, како и триаголникот |

## 2.ФИНА И ГРУБА МОТОРИКА

За децата да можат да го совладаат пишувањето, мора да имаат развиена моторика (груба и фина), односно графомоторика. Развиената груба моторика е основа за развој на фината моторика која е задолжена за изведба на прецизни движења. Графомоториката е моторичка активност на пишувањето, а истата претставува способност и вежби кои се потребни за обликување и насочување на движењата, буквите и зборовите. За успешна графомоторика во услови на пандемија се користени бројни активности и игри со помош на кои децата ја вежбаа фината моторика, меѓу кои следните:

- Цртање;
- Обликување со глина и пластелин;
- Гимнастика за прстите;
- Конструирање од хартија;
- Тркалање на ситни предмети;
- Врзување на чворчиња; и
- Боење.

**Развој на графомоторика**

Во развојот на графомоториката постојат неколку нивоа:

- **Ниво на шарање.** Карактеристично за 2 годишни деца. Движењата на рацете се грчевити, а детето шара од лактот, зглобот не се мрда, а моливот ретко се подигнува од хартијата. Шарањето е неконтролирани и често ја надминува границата на хартијата.
- **Ниво на облик**. Се јавува во 3 тата година. Првиот геометриски лик кој детето почнува да го црта е кругот, кој на почеток е отворен и повеќе овален, а дури подоцна станува затворен и округол. Детето потоа црта и квадрат и правоаголник, триаголник и на крајот ромб, чие цртање бара најмногу.
- **Ниво на скица**. Детето е во можност да спои два едноставни облици во апстрактен примерок (во внатрешноста на основен лик повлекува линии и добива нов лик кој го именува).
- **Ниво на цртање.** Ова ниво се достигнува помеѓу 4-тата и 5-тата година, кога децата можат да нацртаат препознатлив човечки лик.

**Вештини на графомоторика**

Во графомоторичката активност на пишување, припаѓаат следните вештини:

- Меморирање на облиците на буквите;
- Меморирање на врската на буква-глас;
- Досетување на сликата на буквата и врската глас-буква;
- Досетување и планирање на посебно движење; и
- Изведба на движења за пишување на букви.

Кај децата со графомоторички потешкотии се користат пет основни методи за совладување на овие вештини:

- **Моторичка имитација**. Воспитувачот покажува како се пишува буквата, а децата ги имитираат неговите движења.
- **Визуелна основа.** Децата пред себе имаат буква која е означена со стрелки или броеви кои означуваат насока на пишување на буквата.

- **Досетување.** Децата погледнуваат одредена буква, а потоа ја покриваат и репродуцираат по сеќавање.
- **Визуелна основа + досетување.** Овој метод се прикажа како најефикасен, а претставува комбинација на двата наведени методи.
- **Копирање.** Децата ги копираат буквите без визуелнат аоснова и без моторичката имитација.

**2. ОПФАТ НА МОЛИВОТ**

Во детската градинка многу важно е правилното држење на раката, телото и моливот за детето да може да пишува и на тој начин се задоволуваат елементите на моторичкиот развој. По правило. Опфатот на моливот при пишувањето треба да биде правилен, иако поголемиот број на деца имаат опфат кој им е најугоден, посебно кај децата кои се во фаза на усвојување на вештините на предпишување.

Моливот треба да се држи на начин на кој се наоѓа во стабилна позиција, помеѓу палецот, показалецот и средниот прст, каде средниот прст само го придржува моливот. Останатите прсти треба да бидат свиени и потпрени на маста како и подлактицата која треба да се наоѓа на масата. Исто така добро е при пишувањето да се движи целата дланка, бидејќи така може да се пишуваат подолги зборови, а пишувањето да не се прекинува.

Секое дете создава свој индивидуален начин за пишување, но постојат два основни начини за држење на моливот. Првиот начин е пишување со зглобовите на прстите, каде дланката е цврсто потпрена на подлогата со што настанува кратка црта. **Гопник** потврдува дека наведениот начин на пишување може да предизвика дискониуитет во движењето. Другиот начин се опишува како лизгање на целата дланка на подлогата при што не се мрдаат зглобовите кои го држат моливот и не се ограничувачки фактор во пишувањето. Како и да е начинот на пишување во детската градинка треба да се извежба, па затоа е многу важно децата да користат моливи, пенкала, боички за правовремено да ги усвојат. Исто така, како трет начин се има искристализирано мешавина на двата основни начини кои се најчесто во употреба. При пишување од лево кон десно важно е детето да биде свесно кога раката се движи кон десно, па затоа хартијата треба да му биде наместена од левата страна. Кога станува збор за деца кои претежно ја користат левата рака, вреди спротивносто. Потребно е да се стави хартијата на десно и да им се остави доволно простор за движење на раката, но и телото со десната страна спрема насоката на пишување.

**3. МЕТОД НА ТАКА НАРЕЧЕНИОТ "ТАНЦ ВО ПИШУВАЊЕ"**

Според **Мендес**, танцот на пишување е развиен во Холандија и Шведска и е наменет за децата на возраст помеѓу 3 и 6 години. **Симек** додава дека танцот на пишување е метод на вежбање на фината и грубата координација кој се темели на движење, а резултира со лежерен, читлив, брз и препознатлив ракопис. Ова е метод на пишување кој е наменет за деца од предучилишна возраст во кој водечка улога има движењето. Децата во оваа метода можат да се поттикнат да ги почувствуваат буквите, односно да ги доживеат, така на пример е буквата „О". Танцот на пишување настојува децата да ги научи да пишуваат, поаѓајќи од емоциите и природните движења.

На децата најпрвин гласно им се прераскажува некоја приказна, а потоа им се овозможува тие да ги раскажат своите приказни. Потоа се демонстрираат движења кои децата ги имитираат, најпрвин од гласови и звуци, а подоцна и со музика.

Движењата се изведуваат во посебен простор и повеќето од нив се стоечки, одечки, седечки, па дури и лежечки. Ниту едно движење не е погрешно и децата можат слободно да ги изразуваат своите емоции со било какво движење. Дури после движењето се преминува на „пишано цртање" по табла, на хартија или на друга подлога. На децата посебно им се допаѓа изведбата на движењата при пишувањето во песок или вода.

Основните движења и облици се:

- Рамни облици и линии (цврсти, доаѓаат со ритам и броење);
- Овални облици (меки и опуштени, припаѓаат на мелодијата и флексибилноста;
- Кружни облици (можат да влезат лево или десно, аркадни и гирланди);
- Аголни движења.

Движењата се повторуваат во танцот на пишување што се нарекува нивно „зацврстување". На овој начин децата ги повторуваат движењата со различни бои, кои одат една преку друга.

Начинот и методата на изведба на танцот на пишување, графолошките вештини се комбинираат со движења и музичката и ликовната уметност. Танцот на пишува создава физички и психички ритам и рамнотежа. Содржи девет теми, односно девет песнички со движења.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Воспитувачот ги набљудува активностите во кои детето учествува, ги документира и разбира. Колку ја разбира својата пракса, покажува тоа што тој постојано истражува и се надоградува. Тој ги бира материјалите и воспитните постапки со кои ќе ги мотивира децата на читање и пишување, претставува модел во комуникацијата и говорот и мора да биде свесен за начинот на сопственото изразување пред децата. Важно е воспитувачот добро да ги познава содржините кои ги пренесува на децата и да има квалитетни идеи за адекватен пристап на децата во играта.

**ЛИТЕРАТУРА**

Berninger, V. W., Vaughan, K. B., Abbott, R. D., Abbot, S. P., Woodluff, Rogan, L., Brooks, A., Reed, E. & Graham, S. (1997). Treatment of handwriting problems in beginning writers: Transfer from handwriting to composition. Journal of Educational Psychology.

Child Development (2021). Writing readiness and pre-writing skills. Превземено од: https://childdevelopment.com.au/areas-of-concern/writing/writing-readiness-pre-writing-skills/?print=pdf

Gopnik, A. (2003). Znanstvenik u koljevci. Zagreb: Educa.

Kapeloto, V. (2018). Vjezbe grafomotorike za djecu predskolske dobi. Превземено од: https://www.mamatataja.hr/vrtic/vjezbe-grafomotorike-za-djecu-predskolske-dobi/

Lozancic, R. (2019). Predcitacke i predpisacke vjestine djece predskolske dobi. Zagreb: Uciteljski fakultet.

Mendes, B. (2009). Pocetna nastava citanja i pisanja – temelj nastave hrvatskog jezika. Magistra Iadertina, 4(4), str.116-130.

Sarton, E., & Smith, M, (2018). The challenge of inclusion for children with disabilities- experiences of implementation in Eastern and Southem Africa.UNICEF

Simek, M. (2016). Rana pismenost kod trogodisnjaka i cetverogodisnjaka. Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet.

Smith, S.D (2018). Language

Vramas, E., Manea, A., & Vramas, K. (2019). Analyzing Paradigms used in education and education psychology. Victorita Trif University of Bucharest.